Место за растење:
Општини посветени
на децата

# За проектот

Проектот „Место за растење: општини посветени на децата“е 30 месечен проект спроведуван од Првата детска амбасада во светот Меѓаши и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, почнувајќи од февруари 2023 година до јули 2025 година. Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамки на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

Општата цел на проектот е да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учеството на децата во локалното планирање, во пет општини во Македонија: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода.

## Организирани информативни сесии

Во периодот април-мај беа спроведени информативни сесии во сите општини кои учествуваат на проектот. Овие сесии беа организирани со цел запознавање на претставниците на општините, училиштата и градинките, со целите на проектот, активностите кои ќе се спроведуваат, динамиката на активностите, очекуваните резултати и нивната улога во процесот на спроведување на активностите.

На информативните сесии од сите општини учествуваа вкупно 165 учесници. Информативните сесии во општините Дебар и Кисела Вода беа посетени и од страна на градоначалниците кои изразија поддршка и посветеност на проектот, а во нивните обраќања се осврнаа и на потребите и интересите на децата во општините.







Место за растење: Општини посветени на децата

## Спроведени фокус групи

Паралелно со одржувањето на информативните сесии, беа спроведени и фокус групи со претставници од општините, училиштата и градинките, во секоја општина од проектот. Преку фокус групите сакавме подобро да ги разбереме потребите за доедукација и следење обуки во повеќе области поврзани со правата на децата и локалното стратешко планирање за унапредување на правата на децата на локално ниво.

Во фокус групите учествуваа вкупно 38 претставници од општините и воспитно-образовниот кадар од градинките, основните и средните училишта.



## Следни активности

Мислењата, ставовите и искуствата кои беа споделени од страна на учесниците во фокус групите ќе бидат презентирани во извештај. Овој извештај ќе послужи за подготовка на тренинг програмата за градење на капацитети на општинскиот кадар, и вработените во училиштата и градинките во насока на унапредување на правата на децата, која е планирано да се спроведе во следниот период.

Исто така, извештајот ќе биде споделен со учесниците на фокус групите, како и со пошироката јавност преку комуникациските канали на проектот.

ЕУ со ТЕБЕ

Проектот е финансиран од Европската Унија

Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија

kmop SKOPJE